Врз основа на одредбите од член 387 и 388 од Законот за трговските друштва (Сл.Весник на Р.М. 28/04) и одредбите од Статутот на РЖ Економика АД Скопје, Одборот на директори на својата седница одржана на ден 02.04.2019 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

1. Се свикува Годишно собрание на РЖ Економика АД Скопје на ден 06.05.2019 година со почеток во 10 часот кое ќе се одржи во просториите на друштвото.
2. За одржување на Годишното собрание ќе се објави Јавен повик во весникот Слободен печат.
3. Составен дел на оваа Одлука е Јавниот повик од дневниот ред на седницата.

**РЖ Економика АД Скопје**
**Одбор на директори**
**Претседател**

**Митко Кочовски**

Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва, а согласно одредбите од Статутот на РЖ Економика АД Скопје, Одборот на директори на својата седница одржана на ден 02.04.19 година му предлага на Собранието на РЖ Економика АД Скопје, да ја донесе следната

**ОДЛУКА**

1. Се одобрува годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на РЖ Економика АД Скопје во деловната 2018 година.
2. Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**РЖ Економика АД Скопје**
**Одбор на директори**
**Претседател**

**Митко Кочовски**

Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва, а согласно одредбите од Статутот на РЖ Економика АД Скопје, Одборот на директори на својата седница одржана на ден 02.04.'19 година му предлага на Собранието на РЖ Економика АД Скопје, да ја донесе следната

**ОДЛУКА**

1. Добивката во износ од 125.563,00 денари, остварена во деловната 2018 година, се распределува и тоа:

   - 5% од износот во задолжителна резерва односно 6.278,00 денари, а остатокот од 119.285,00 денари се пренесува во акумулирана добивка.

2. Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**РЖ Економика АД Скопје**
**Одбор на директори**
**Претседател**

**Митко Кочовски**